# 7. Внесување на оценки на ученици

Оценувањето на учениците се врши со два вида на оценки на ученици: описно и бројчано. За внесување на оценки на ученици во програмата постојат два начини и тоа преку командите:

- Внеси оценки на ученици
- Табеларен внес на оценки

Преку командата Внеси оценки на ученици, оценките се внесуваат како во класичен дневник со впишување на оценката во колона, додека преку командата Табеларен внес на оценки, оценките се внесуваат преку табеларен приказ со претходно дефинирани параметри.

## 7.1. Описни оценки

Описните оценки се однесуваат за учениците од прво до трето одделение за цела учебна година вклучувајќи ја и годишната оценка. За учениците од четврто до шесто одделение, оценувањето е описно се до заклучување на годишна оценка и истата кај овие ученици е бројчана.

### 7.1.1. Внеси оценки на ученици

За пристап до маската Внеси оценки на ученици постојат три начини:

Прв начин:

Преку мени Наставник – команда Внеси оценки на ученици:




Со притискање на линкот Внеси оценки на ученици се добива следниот приказ:



Доколку наставникот предава во повеќе од една паралелка, во паѓачката листа Паралелка ќе може да ја одбере паралелката за која треба да внесе оценки за учениците.
Доколку наставникот предава само во една паралелка, истата ќе биде предефинирана во паѓачката листа Паралелка.
Со зелена боја се означени предметите кои наставникот ги предава во избраната паралелка и за кои може да внесе оценка.
За внес на оценка се притиска на линкот „_“, при што се отвора следниот pop up:




Pop up-от дава податок за каков тип на оценување и за кој период се внесува оценката, согласно тоа во кој дел од колоната за внесување оценка притиска наставникот.
Во полето Опис оценка се внесува описот за оценката што треба да биде внесена.
За да се зачува и да се впише оценката во дневникот, се притиска на копчето Сними, со што се зачувува оценката и се добива следниот приказ:




Приказот ни дава информација дека за ученикот е внесена оценка, каде што со позиционирање на курсорот врз буквата „О“ (описна) се појавува облаче со описот на оценката што е внесена во полето Опис на оценка.
Бидејќи наставникот смее да внесе само една описна оценка во еден учебен период, внесувањето на повеќе од една описна оценка во еден учебен период, не е дозволено.
Исто така, бидејќи внесувањето на описна оценка за писмена работа не е дозволено, во програмата нема можност за внесување на описна оценка за писмените работи по предметите за кои е предвидено правењето на писмени работи.

Втор начин:

Преку командата од паралелка Внеси оценки на ученици




При што се отвора маската за внес на оценки на ученици. Начинот на внес е ист согласно погоре опишаното.

Трет начин:

Преку менито Училишна администрација -> Е-дневник -> Внеси оценки на ученици, при што се добива следниот приказ:




Со притискање на линкот Детали, се отвора маската за внесување на оценки на ученици. Начинот на внес е ист согласно погоре опишаното.

## 7.1.2. Табеларен внес на оценки

За пристап до маската Табеларен внес на оценки постојат два начини:

Прв начин:

Преку мени Наставник – команда Табеларен внес на оценки:




Со притискање на линкот Табеларен внес на оценки се добива следниот приказ:




Полиња кои треба да бидат внесени се следните:

| **Поле/чекер** | **Опис** |
|---|---|
| Одделение/година | Поле во кое од паѓачка листа се избира одделението/годината за кое/ја ќе се внесуваат оценки |
| Паралелка | Поле во кое од паѓачка листа се избира паралелката за која ќе се внесуваат оценки |
| Наставен предмет | Поле во кое од паѓачка листа се избира предметот за кој ќе се внесуваат оценки |
| Оценки во тримесчие | Чекер со кој се означува дека ќе се внесуваат оценки во тримесечие. Откако ќе се означи овој чекер се означува во кое тримесечие ќе се ставаат оценките и каков тип на оценка треба да се впише (усмена, писмена) |
| Оценки за учебен период | Чекер со кој се означува доколку се впишуваат оценки за учебен период |

Откако ќе се пополнат полињата се добива приказот во продолжение:




За внесување на описна оценка преку табеларниот приказ се притиска на празниот простор во колоната Опис оценка и се внесува описот за оценката, при што се добива следниот приказ:




Откако ќе бидат внесени сите оценки со притискање на копчето Сними, внесените описни оценки се зачувуваат и се впишуваат во дневникот, а во полето Датум/време на внес се внесува денешниот датум и времето кога е внесена оценката.

Втор начин:

Преку командата од паралелка Табеларен внес на оценки




При што се отвора маската за табеларен внес на оценки на ученици. Начинот на внес е ист согласно погоре опишаното.

## 7.2. Бројчани оценки

Бројчаните оценки се однесуваат за учениците од седмо одделение до четврта година за цела учебна година вклучувајќи ја и годишната оценка. За учениците од четврто до шесто одделение, оценувањето е описно се до заклучување на годишна оценка и истата кај овие ученици е бројчана.

### 7.2.1. Внеси оценки на ученици

За пристап до маската Внеси оценки на ученици постојат три начини:

Прв начин:

Преку мени Наставник – команда Внеси оценки на ученици:




Со притискање на линкот Внеси оценки на ученици се добива следниот приказ:



Доколку наставникот предава во повеќе од една паралелка, во паѓачката листа Паралелка ќе може да ја одбере паралелката за која треба да внесе оценки за учениците.
Доколку наставникот предава само во една паралелка, истата ќе биде предефинирана во паѓачката листа Паралелка.
Со зелена боја се означени предметите кои наставникот ги предава во избраната паралелка и за кои може да внесе оценка.
За внес на оценка се притиска на линкот „_“, при што се отвора следниот pop up:




Pop up-от дава податок за каков тип на оценување и за кој период се внесува оценката, согласно тоа во кој дел од колоната за внесување оценка притиска наставникот.
Во полето Оценка се внесува оценката што треба да биде впишана во дневникот, додека во полето Опис оценка се внесува опис на оценката доколку има потреба за тоа.

Во системот постои можност за внесување различни типови на оценки, при што:
• Сумативните оценки за тема (во системот именувани како Оценки за предмет (формативни)) се внесуваат како посебен внес, а во нивниот опис може да се вклучат и информации за формативните оценки поврзани со таа тема.
• Сумативните оценки за одреден период (‘заклучени’ оценки) се внесуваат посебно, врз основа на веќе внесените формативни и сумативни оценки за темата.

<u>Оценка за тримесечие</u> се означува кога оценката која ја внесува наставникот претставува оценка за периодот тримесечие (‘заклучена’ оценка за тримесечие). Вака внесената оценка се впишува задебелена во дневникот, таа оценка влегува во евидентниот лист на ученикот и после таа оценка не може да се внесуваат други оценки за тој период.
<u>Неоценет</u> се означува доколку од одредени причини наставникот не може да креира и внесе оценка за ученикот, а периодот мора да се затвори.

За да се зачува и да се впише оценката во дневникот, се притиска на копчето Сними, со што се зачувува оценката и се добива следниот приказ:




Оценките кои се во заграда и со црвена боја во приказот се оценки кои се грешно внесени и се корегирани од страна на училишниот администрато врз основа на претходно доставен документ.
До оценката која е во заграда и со црвена боја е запишана корегираната оценка.

Втор начин:

Преку командата од паралелка Внеси оценки на ученици




При што се отвора маската за внес на оценки на ученици. Начинот на внес е ист согласно погоре опишаното.

Трет начин:

Преку менито Училишна администрација -> Е-дневник -> Внеси оценки на ученици, при што се добива следниот приказ:




Со притискање на линкот Детали, се отвора маската за внесување на оценки на ученици. Начинот на внес е ист согласно погоре опишаното.

## 7.2.2. Табеларен внес на оценки

За пристап до маската Табеларен внес на оценки постојат два начини:

Прв начин:

Преку мени Наставник – команда Табеларен внес на оценки:




Со притискање на линкот Табеларен внес на оценки се добива следниот приказ:




Полиња кои треба да бидат внесени се следните:

| Поле/чекер | Опис |
|---|---|
| Одделение/година | Поле во кое од паѓачка листа се избира одделението/годината за кое/ја ќе се внесуваат оценки |
| Паралелка | Поле во кое од паѓачка листа се избира паралелката за која ќе се внесуваат оценки |
| Наставен предмет | Поле во кое од паѓачка листа се избира предметот за кој ќе се внесуваат оценки |
| Оценки во тримесчие | Чекер со кој се означува дека ќе се внесуваат оценки во тримесечие. Откако ќе се означи овој чекер се означува во кое тримесечие ќе се ставаат оценките и каков тип на оценка треба да се впише (усмена, писмена) |
| Оценки за учебен период | Чекер со кој се означува доколку се впишуваат оценки за учебен период |

Откако ќе се пополнат полињата се добива приказот во продолжение:




За внесување на оценка преку табеларниот приказ се притиска на чекерот пред оценката што треба да биде внесена во колоната Оценка, при што се добива следниот приказ:




Откако ќе бидат внесени сите оценки со притискање на копчето Сними, внесените оценки се зачувуваат и се впишуваат во дневникот, а во полето Датум/време на внес се внесува денешниот датум и времето кога е внесена оценката.

Втор начин:

Преку командата од паралелка Табеларен внес на оценки




При што се отвора маската за табеларен внес на оценки на ученици. Начинот на внес е ист согласно погоре опишаното.